Февруари 2012 Бр.124

FOREVER
MACEDONIA

HAWAII GLOBAL RALLY 2013
21-29 APRIL

ГРИЖА КОН ДЕЦАТА

Една третина од децата на возраст помеѓу 6 и 19 години во Бугарија страдаат од прекумерна тежина, а речиси 13% од нив се дебели. Тоа покажува истражувањето направено од Националниот центар за здравје и анализи и Катедрата „Педијатрија" на Медицинскиот универзитет, за периодот 2010-2011 г.

Според експертите кои го спроведоа истражувањето, децата најчесто конзумираат: слатка храна (торти, слатки, баклави), чипс и други видови снекс, тестенини (пици, мекици, банички и др.), безалкохолни пијалоци кои содржат шеќер, енергетски пијалоци. Во исто време, свежото овошје и зеленчук, рибата и полнозрнестите производи речиси целосно отсуствуваат од дневното мени.

Податоците покажуваат и дека одвај една четвртина од следените деца ја имаат препорачаната физичка активност од најмалку 60 минути на ден, а близу половината се физички активни помалку од два дена во седмицата.

Тажен е фактот дека **Бугарија е на второ место во светот по САД по дебелината и прекумерната тежина кај децата**.

Ако сакаме тоа да се промени, наша задача како одговорни родители, е да ги научиме децата здраво да живеат – правилно да се хранат и да бидат физички активни, да пробудиме кај нив интерес кон корисната храна и спортот.

Што можеме да направиме?

- На прво место – да ги замениме висококалоричните десерти, закуски, чипс и пуканки со овошје и зеленчук. Кога немаме време да приготвиме нешто здраво за закуска, можеме да му го предложиме на детето енергетскиот десерт „Fast break". Во само 220 калории се собрани 50% од препорачаната дневна доза витамини и минерали, што го прави идеална здрава варијанта за закуска. А за помалите деца е доволен само половина десерт.

- Треба да ги заборавиме објектите за брза исхрана и јадењето банички, тестенини и сендвичи „од нога".



- Да ги научиме децата за нив да мислат како за нешто штетно, кое треба да се избегнува. Голем дел од децата ги претпочитаат заради играчките кои ги добиваат со храната. Истото можеме да го направиме со малку труд и дома, кога ќе им приготвиме специјални „детски менија" со ситни подароци, кои ќе ги сервираме заедно со овошната или зеленчуковата салата.

- Добро е да избегнуваме да купуваме засладени и газирани пијалоци, а да го навикнеме детето да пие свежо исцедени сокови, или купени, но со минимум шеќер и конзерванси. Можеме да ја украсуваме чашата со интересни сламки и чадорчиња за да побудиме интерес за пијалокот. Здрава и вкусна варијанта е да растториме 30 мл „Pomesteen Power" со лажичка мед на Форевер во чаша вода.

- Зошто да не воведеме како семејна традиција неделна закуска, која се состои од свежо сезонско овошје плус чаша „Forever Lite"? Шејковите можеме да ги приготвиме на многу начини, а рецепти за нив ќе откриеме во материјалите на компанијата. Добро е да одделиме за таа закуска најмалку половина час, во кој ќе си поставиме за задача да се смееме и да кажуваме само убави нешта. Сигурна сум дека децата ќе ги чекаат со нетрпение тие утра.

- Да се обидеме да планираме најмалку еднаш седмично физичка активност – игра со топка, возење велосипед или прошетка во парк во убавите денови, а кога времето не е добро за активности на отворено – посета на блискиот базен.

- Да го сведеме на минимум времето кое децата го поминуваат пред компјутер и телевизор задавајќи им задачи во домаќинството за кои би можеле да ни помогнат – да фрлат смет, да избришат прашина, да отидат до блиската продавница, да го изведат домашниот миленик и др. А вечерите можеме да ги посветиме на семејни игри и забава.

Наша задача како родители е да се грижиме на најдобриот начин за децата – да се облечени, да се нахранети, да живеат во хармонична средина, да добијат добро образование. Нека грижата за нивното здравје има највисок приоритет!

Тања Стаева

Љубов. Споделувајте ја, покажувајте ја, потхранувајте ја.

Во САД февруари е најпознат по празникот Св. Валентин – посебен ден, кој не потсетува на љубовта еден кон друг и нашата посветеност кон семејството и пријателите. И покрај тоа што мнозина го сметаат тој празник за комерцијализиран и создаден за трговците на цвеќе, чоколади и картички, според мене има подлабока смисла. Тој ни нуди момент во кој подзапираме и ги оценуваме посебните луѓе во својот живот, им ја покажуваме љубовта преку подарок или друг симбол. Треба да ја искористиме секоја можност тоа да го направиме. Многу пати сум се убедувал дека не треба да пропуштиме ниту една шанса да им кажуваме на значајните луѓе покрај себе колку многу ни значат. Животот брзо пролетува и нема да знаеме кога ќе се покаже предоцна да споделиме со некого дека го сакаме. Затоа не оставајте уште еден бесценет миг да помине без да го кажете тоа, а можеби уште поважно– без да го покажете.

Во ова време од годината, кога започнуваат нашите регионални релија, во мене со нова сила се разгорува сопствената љубов и жар кон нашата компанија. Тие секогаш ме тераат да целам повисоко, да постигнам повеќе, да си поставам поголеми цели. Љубовта е моќна! Тука во Форевер таа е повеќе од чувство, таа е неопходност!

Љубовта ги храни душите и ја поттикнува желбата да вложиме труд за постигнување на забележителни нешта. Многу често луѓето работат нешто, само затоа што имаат потреба од доходи. Други пак градат кариера, откако откриле дека се добри во дадена област и ѝ се посветиле,бидејќи тоа е најлесниот пат за нив. Но најуспешните и најзадоволните луѓе кои сум ги сретнал во животот се оние кои со љубов ја работат својата работата. Овие емоции даваат цел и смисол на нивниот живот и тие гледаат на работата како на нешто кое го буди нивниот интерес и желба да прават големи дела.

Помислете само за одличните иновации во кои уживаме денес, благодарение на фактот што некој ја искористил жарта и љубовта, наместо да се задоволи со животот таков, каков што бил… Бил Гејтс го напуштил Харвард на средината на студиите, за да се оддаде на љубовта кон технологиите. Волт Дизни работел како возач на брза помош, пред да заклучи дека неговата страст е анимацијата.

Кога ја работите работата со жар и љубов, вие зрачите со енергија и ентузијазам. Другите тоа го чувствуваат– свесно или не, и биваат привлечени кон вас. Љубовта е магнетна. Таа ве стимулира да си поставите високи цели. Ви дава самоувереност и мотивација кои ве исполнуваат со виталност.

Страста значи да знаете што сакате и да се чувствувате наполно убедени во способноста тоа да го постигнете, така љубовта и

Претседател и главен генерален директор на ФЛП
Рекс Моган

воодушевувањето ќе ве носат постојано напред. Кога знаете што сакате и сте отворени кон себе, импулсот да се движите е незапирлив. Невозможно е да имате страст ако не знаете што сакате, зошто нерешителноста и колебливоста ќе ја убијат.

Кога ќе ја развиете кај себе страста за која говорам, сите покрај вас ќе ја почувствуваат. Ќе откриете дека со колку повеќе жар раскажувате за Форевер, толку вашите соговорници ќе бидат помотивирани да стигнат до вашата позиција. Само замислете – дали би слушале човек кој бездушно кажува факти, како да чита гола статистика и само се обидува да ви продаде производ? Или би претпочитале да слушнете дистрибутер, кој со душа и срце верува во бизнис можностите, од кого љубовта кон производите сјае и зрачи наоколу, а личната историја блика од него?

Жарта за која говорам, ќе ве води кон квалификација за неверојатните програми за стимулирање, кои можете да ги постигнете во 2012. Неодамна ја објавивме новата ексклузивна средба на Менаџерите „Орел" и двете атрактивни дестинации – Сардинија во Италија, и Ел Салвадор во Бразил. Ќе се согласите дека можноста е навистина неверојатна! Да се квалификувате за таа средба значи дека го развивате бизнисот со љубов и жар. Значи дека ја осознавате потребата да изградите силна и стабилна екипа за цел живот. А да се квалификувате во програмата „Дел од профитот" и да учествувате на Глобалното рели во неповторливото Хонолулу на Хаваите во 2013 г., е дополнителен доказ за љубовта и жарта кон бизнисот со Форевер и за ангажманот да ги реализирате феноменалните цели кои сте си ги поставиле.

Запрашајте се: „Дали сум страстен?" Ако искрено можете позитивно да одговорите, тогаш споделете ја љубовта, покажете ја, потхранете ја и видете каде ќе ве одведе. Верувам, дека 2012-а ќе биде најголемата година во историјата на Форевер. Мислата како Форевер може да повлијае врз животот на толку многу луѓе ме исполнува со жар и љубов. Ве предизвикувам да ги споделите бизнис можностите со ентузијазам и жар и ве уверувам, дека резултатите ќе бидат неверојатни!

Засекогаш Ваш,
Rex Maughan

Драги пријатели,

Овие денови сретнавме стар познаник, кој ни постави стандардно прашање: "Како сте? Како оди бизнисот?" Му одговоривме дека сме добри и бизнисот на Форевер одлично оди. Тој не́ погледна изненадено и ни́ го кажа следното: "Знаете ли дека вие сте првите луѓе кои сум ги сретнал и не само што не се жалите, туку сте и задоволни од бизнисот!" Не бевме изненадени од неговата реакција, бидејќи истото сме го слушале и од други луѓе со кои сме контактирале. Сепак, одново се замислиме колку неверојатна е индустријата на која ѝ припаѓа ФЛП. Никој веќе не може да не́ убеди дека Форевер не е најсигурната компанија, заштитена од криза и рецесија. Комбинацијата од одличните производи и маркетинг планот на ФЛП е можност која на многу луѓе им треба, особено сега, кога илјадници ги губат работните места и долгогодишни бизниси се принудени да згаснат.

Оценет од стотици милиони луѓе ширум светот, мрежниот маркетинг не случајно е наречен и „Првата вистинска револуционерна промена во маркетингот". И освен тоа што сме во таа индустрија, ние имаме и среќа да работиме со еден од најдобрите претставници – Форевер Ливинг Продактс. Компанија, која му дава можност на секој да си го промени животот и финансиската состојба директно од сопствениот дом, користејќи ја силата на споделувањето од уста на уста, без ризик, без потреба од искуство и најважното – со исклучителна исплатливост на вложеното време и труд. Исклучително прост и достапен систем, кој може да ве направи финансиски независни само за една-две години. Систем кој се заснова на принципот на умножување, кој од своја страна бара да сме на јасно со следните нешта:

- за да функционира е неопходно секој месец да спонзорираме нови луѓе во мрежата. НО НЕ САМО потрошувачи кои ќе купуваат производи за лична употреба, туку и најмалку еден нов ДИСТРИБУТЕР месечно, кој ќе започне со купување на комбиниран пакет и ќе продолжи напред, и ќе прави исто како нас – ќе спонзорира нови ДСТРИБУТЕРИ.
- За целта е неопходно добро да го усвоиме претставувањето НЕ САМО на производите и компанијата, туку и на мрежниот маркетинг и на системот на умножувањето. Ќе треба да прочитаме малку повеќе, да погледаме филмови и најважното – да подготвиме и усовршиме презентација, со која ќе ги воодушевиме луѓето околу нас и која ќе ги натера да го сфатат нашето занимање како сериозна можност за бизнис, а не само како дополнителна дејност.

И само кога вие и луѓето во вашата мрежа секој месец ќе спонзорирате НОВИ ДИСТРИБУТЕРИ и ги ентузијазирате да започнат бизнис директно со купување на комбиниран пакет "Touch of Forever", тогаш вашиот и нивниот бизнис ќе расте непрекинато и ќе привлече уште повеќе луѓе.

Не е лесно, но секој може да го направи. Бара труд и фокусирање врз деталите, но помислете дали постои нешто на овој свет, кое може да ве направи финансиски независни без да вложите труд? И со Форевер успехот не доаѓа сам од себе.

Засекогаш Ваши,
Стефан и Тања Стаеви

„Единствената разлика меѓу вас и збогатениот во истиот бизнис во кој сте и вие, е што тој има подобра презентација, и ја прави почесто од вас."

Хилтон Џонсон

„Повеќето луѓе во овој бизнис се откажуваат или никогаш не успеваат, не затоа што имаат многу да прават, туку напротив, затоа што прават многу малку, а и спонзорите бараат од нив многу малку."

Ролф Кип – Двоен Дијамантен Менаџер

ARGI +

ARGI+ (код # 320) претставува мешавина богата со антиоксиданси и Л-Аргинин-аминокиселина која одржува многу витални функции во вашето тело како што се кардиоваскуларниот систем, здрав имунолошки систем, развој на мускулите, коските и зајакнување на ткивата, го регулира метаболизмот на мастите и шеќерот во крвта, ја стимулира продукцијата на хормони кои го успоруваат стареењто ... и тоа не е се! Оваа „магична молекула“ -Л-Аргинин, се преобразува во азотен оксид во нашето тело. Азотниот оксид му помага на нашето тело да ја подобри циркулацијата на крвта со тоа што ги ослободува крвните садови и по природен пат го поткрепува здравјето на кардиоваскуларниот систем. Л-Аргининот е познат и по тоа што ги зголемува можностите на телото да произведува креатин, кој пак придонесува за јакнење на енергетското ниво. Додадете ги слатките гранули кон вашата дневна доза од Алое вера гел, или додадете ги во вашиот омилен оброк со житарки. Не е важно како ќе ја внесете вашата дневна доза на АРГИ+.... само бидете сигурно дека тоа ќа го направите!

ARTIC-SEA

Arctic-Sea (код # 039) самото име ви кажува сé- исто како длабочините на морето, така и овој производ ви нуди супер Омега-3 природно рибино масло во кое е додадено маслиновото масло. Како што знаеме постојат трилиони клетки во нашето тело. Омега-3 рибиното масло има потенцијал да го снабди нашето тело со здрави незаситени масни киселини секој пат кога ќе се создаде нова клетка. Доколку здравите незаситени масни киселини не се достапни, тогаш вашето тело ќе ги користи нездравите (штетните) заситени масти, со што ќе ја направат старата поговорка вистинита:„ ние сме тоа што го јадеме“. Американската Асоцијација за кардиологија препорачува 1,100 мг дневно за жени и 1,600 мг за мажи. Омега-3 рибините масла се сметаат за есенцијални масни киселини, а тоа значи дека телото не може само да ги произведува и токму затоа тие мора да се обезбедуваат преку исхраната или додатоците во исхрана. Направете им услуга на вашите клетки и конзумирајте две меки гел капсули дневно! Кој дел од овој важен текст не ви е јасен?

FOREVER BEE POLLEN

Forever Bee Pollen (код #026) го поддржува имунолошкиот систем и исто така од особена важност е тоа што ја зголемува и подобрува издржливоста, енергијата и менталната функција. Поленот содржи задоволителна количина од витамини, минерали, амино киселини, ензими, коензими, масни киселини од растително потекло, јаглехидрати, протеини вклучувајќи ги и сите 8 есенцијални аминокиселини кои организмот не може сам да ги произведува. Поленот на Форевер е целосно природен производ и не содржи никакви конзерванси. Бенефициите кои ги дава поленот може да ги почувствувате скоро во секој аспект од вашето здравје! Што мислите, како пчелите можат да работаат толку напорно во текот на целиот ден?!

Овој текст не е оценет од агенцијата за храна и лекови. Овие производи не се наменети за дијагнози, третирање, лекување или спречување на какви и да се болести. Консултирајте се со вашиот матичен доктор доколку имате медицински проблеми.

Кажете "Те сакам" со НАСМЕВКА!

Дали некогаш сте приметиле дека сите ние изгледаме поатрактивно кога се смееме? Дајте му на саканиот специјален подарок овој Св.Валентин: прекрасна насмевка. Со Forever Bright Toothgel (#28) вие можете да бидете сигурни дека вашите заби изгледаат прекрасно.

Ако отидете во локалниот маркет ќе забележите дека има многу производи за обелување на забите. Но, речиси сите тие содржат флуор. Оваа година можете да подарите на семејството здрава, висококвалитетна паста за заби која содржи алое вера и пчелен прополис.

Алоето одамна е познато по своите полезни својства. Во 2009 год. Academy of General Dentistry објави студија која наведува дека пастите за заби кои содржат алое вера не само што ги имаат истите перформанси како другите, туку тие исто така ги смируваат непцата и забите.

Forever Bright Toothgel содржи и прополис кој пчелите го користат за ѕидовите од нивните кошници, па така внатрешноста на кошниците е стерилна како операциона сала.

Само овие две состојки може да се доволни да започнете да користите Forever Bright Toothgel. Уште поубедувачко е неодамнешното соопштение од U.S. Department of Health and Human Services кое препорачува да се намали флуорот во водата за пиење во УСА. Една причина за тоа е зголемената појава на флуороза која резултира со дамки на забите предизвикани од премногу флуор. Environmental Protection Agency исто така изјави дека продолженото зголемено внесување на флуор може да предизвика кршливост на коските.

Бидејќи Forever Bright Toothgel не содржи флуор, бидете сигурни дека сте го направиле најдобриот избор за вашето семејство.

GOING GOING

HAWAII GLOBAL RALLY 2013 21-29 APRIL

Кога првпат слушнавме за Forever Going Global и за Global Rally, тоа едноставно ни го одзема здивот. Во овие 18+ години, колку што сме со Форевер, компанијата имаше многу подобрувања на Маркетинг планот и мотивациони програми, но ова е највлијателно од сите-**глобално градење на бизнисот, глобален Profit Sharing, исплата на Global Rally на престижни, глобални дестинации**-вау! Првиот избор, Хаваи, е одличен избор- светски познат, но за поголемиот дел од луѓето ширум светот, само недостижен сон. Сепак, релито на Форевер може да направи сонот да стане стварност. За да ви помогнеме вашиот сон да се исполни, дозволете ни да споделиме со вас некои нешта кои ги научивме на патот...

Користа од мотивационите програми

Кога се зачленивме во Форевер во 1993, не бевме на јасно што значи "екстра" што компанијата нуди со Маркетинг планот. Сé што тогаш можевме да видиме, беше дека ако работиме напорно може да заработиме 2000 фунти месечно. Со оваа бројка можевме да ги обезбедиме нашите 4 деца и да започнеме да го исплаќаме натрупаниот долг.

Не бевме на јасно дали еден ден ќе можеме да купиме нова кола со помош на мотивационите програми, или пак да заработиме платено патување во УСА или Европа. За Profit Sharing пак немавме ниту слушнато. Јасно ни беше дека многу луѓе ширум светот имаат одличен животен стил, но прашањето беше, можеме ли и ние? Можеби тие имаат "магична дарба" која ние ја немаме.

2000 фунти ни́ беа сé уште важни, затоа направивме план да работиме и да го постигнеме тоа. Фокусирани, веќе петтиот месец станавме Менаџери со исполнување на поставената финансиска цел. Беше дојдено времето за поставување на повисоки цели и план за нивно исполнување. Тогаш добивме многу добар совет-совет кој ги промени нашите животи и ни́ овозможи да постигнуваме сé поголеми резултати**..."ОСВОЈТЕ СЕ ШТО МОЖЕТЕ!"**

Познавање на правилата и квалификациите

Применувајќи го овој принцип "освојте сé што можете" нé доведе до тоа да на првата годишнина во овој бизнис, ние веќе бевме Сениор Менаџери, бевме на нашето прво Супер рели во САД и изработивме мотивациона програма. Ние на потешкиот начин ги научивме правилата на мотивационите програми. Мотивационата програма или како ние уште ја нарекуваме "план за кола", за ниво 1 бара најмалку 50-100-150 бода во било кој период од 3 последователни месеци. Бидејќи бевме многу зафатени со градењето на бизнисот, немавме време да ги погледнеме правилата за квалификација. Нашиот тримесечен период изгледаше вака: 58-98,5-157 бода. Да, ние пропуштивме да се квалификуваме на 1-во ниво за кола за само 1,5 бод- скапа грешка, а нам навистина ни́ беше потребна нова кола.

Оттогаш, се трудиме да ги разбереме мотивационите програми, нивниот почетен и краен датум и што навистина се бара во нив. Ви сугерираме и вие да го правите истото, бидејќи е прекрасно да се добие патување, кола и Profit Sharing. Но, ако вие не знаете кога тие се спроведуваат или немате план да ги одработите, тогаш вие може да завршите како нас- да пропуштите нешто многу важно само затоа што не сте одвоиле време да разберете.

Како што секогаш велиме- мотивационите програми се малтер кој ги поврзува тулите на успешниот бизнис.

GONE GLOBAL

План

Сфативме дека планот е клуч на успехот. Дистрибутер кој не прави план, планира да не успее. Од моментот кога видовме дека ја пропуштивме мотивационата програма за кола за само еден и пол бод, почнавме многу сериозно да планираме. Планиравме буквално сé - од дневна до седмична активност, месечна, потоа квартална, па годишна - сé беше испланирано, ништо не беше оставено на случајност. Научивме дека за да бидеме успешни, мора да се фокусираме на 5 клучни елементи за градење бизнис:

1. Користење на производите
2. Продажба на производите
3. Спонзорирање
4. Да ги научиме дистрибутерите како да го прават истото
5. Личен развој

Ги направивме нашите планови користејќи ги овие принципи, а потоа ги претворивме во цели.

Научивме:

1. Да бидеме постојани - да имаме фокус и одлучност, да веруваме во нашите цели и нашата способност да ги постигнеме.
2. Дека понекогаш има потреба од нов план, а соодветно и проверка и прилагодување на планот.
3. Овој став ги држи луѓето во колосек.

Останете фокусирани

Вие ќе имате ваши "подеми и падови" и тоа е во ред но не им дозволувајте да ви застанат на патот:

1. Знајте дека патувањето е исто толку возбудливо колку и крајниот резултат
2. Знајте дека вашиот став е нешто што или ќе ви помага или ќе ви одмага - ако мислите дека можете, или ако мислите дека не можете, вие сепак сте во право!
3. Останете фокусирани со проверување на вашите цели и градете ја вашата "Книга на мечти".
4. НИКОГАШ, НИКОГАШ НЕ СЕ ОТКАЖУВАЈТЕ!

Жнејте награди

Тие кои се фокусирани и го разбираат градењето на бизнисот, многу брзо ќе бидат наградени. Наградувањата се различни, секако ќе се квалификувате за мотивациона програма, но нема да застанете тука.

Вие:

1. Ќе бидете одличен пример за вашиот тим, тие ќе ве копираат вас.
2. Драматично ќе го развиете бизнисот со многу нови членови во тимот-ова ќе ви донесе одличен развој во иднина.
3. Ќе имате личен развој.
4. Ќе ги почувствувате настаните-никогаш нема да го заборавите признанието и патувањето.

Почувствувајте

Замислете како ВИЕ ќе се ЧУВСТВУВАТЕ:

1. Кога ќе се качите во авион за да одите на Global Rally.
2. Да бидете на Хаваи следната година заедно со илјадници дистрибутери од целиот свет.
3. Кога ќе го добиете вашиот чек од Profit Sharing.
4. Кога ќе се исправите и ќе речете: Успеав! Навистина успеав!

Држејќи се до овие принципи, напорно работејќи, ние успеавме да си ги исполниме нашите мечти, па дури и некои за кои не бевме свесни на почетокот. Ако ние можевме, зошто не би можеле и вие? Најважно од се: **градете го вашиот бизнис и дознајте што сé ви е достапно!**

Џејн Лич и Џон Кертис
Дијамант Менаџери
Дистрибутери бр. 1 во В.Британија

FOREVER

РАСПОРЕД НА ПРЕЗЕНТАЦИИ ПО ГРУПИ

Презентациите се одржуваат во Сала за презентации во канцеларииите на ФЛП

- **Секој понеделник: Мери Џајковска-Супервизор**
  Почеток: 18:00 часот
- **Секој вторник: Дејан Брсакоски-Менаџер**
  Почеток: 17:00 часот
- **Секоја среда: Вера Златковска-Менаџер**
  Почеток: 17:30 часот
- **Секој четврток: Катерина Трајчевска-Менаџер**
  Почеток:17:00 часот
- **Славица Донакова-Менаџер**
  Почеток:18:00 часот
- **Секој петок: Александар Апел - Менаџер**
  Почеток: 18:00 часот

SUCCESS DAY

24. 03. 2012

Хотел "Порта", почеток: 18 часот

МАРКЕТИНГ ОБУКА

24. 03. 2012

Хотел "Порта", почеток: 15.30 часот

Влез слободен

ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА ПО БРЗА ПОШТА!!!

Како да порачате:

Испратете ја вашата порачка по факс до ФЛП Скопје (02/2465826) или по имеил: flp@t-home.mk или на тел: 02/2465846.
Наведете ги следните податоци: име и презиме, точна адреса и телефон, вашиот дистрибутерски код, кодови и количини на производи кои ги порачувате.
По извршената уплата, испратете копија од вирманот по факс, или по имеил.
Уплатата ја вршите во корист на:
Форевер Ливинг Скопје
жиро с-ка: 200000875245639
Стопанска Банка-Скопје
Во цел на дознака наведете го бројот на фактурата кој ќе го добиете од ФЛП.
Поштарината ја плаќате лично при достава на пратката.

Квалификации за јануари 2012

ТОП 10 - НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Вера Златковска
2. Славица Донакова
3. Др.Снежана Контра
4. Др.Роза Гелевска
5. Катерина Трајчевска
6. Николина Ѓорѓиева
7. Слафко Михајловски
8. Стевица Димовска
9. Гордана Трајковска
10. Зорка Малинова

ТОП 10 - Вкупен обем

1. Кирил Дрзманоски
2. Слафко Михајловски
3. Славица Донакова
4. Катерина Трајчевска
5. Вера Златковска
6. Др.Снежана Контра
7. Др.Роза Гелевска
8. Николина Ѓорѓиева
9. Зорка Малинова
10. Стевица Димовска

FOREVER LIVING PRODUCTS - MAKEDONIJA

www.foreverliving.com

ул. Владимир Комаров бб, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

Квалификации за јануари 2012

Асистент Супервизори

1. Атанасови Орце и Маргарита – Штип
2. Балтовска Лидија - Скопје
3. Давчева Елефтерија - Скопје
4. Дурневи Марика и Никола – Скопје
5. Јанев Ацо – Свети Николе
6. Јошеви Панче и Соња – Свети Николе
7. Јовановска Даница - Скопје
8. Јовановски Аце - Куманово
9. Мирковски Ленка и Спасе - Скопје
10. Мишевски Гордана и Миле – Скопје
11. Митевски Елизабета и Диме – Скопје
12. Др.Севдали и Др.Теута Незири – Гостивар
13. Стојанови Виолета и Борис – Виница
14. Стојкова Марија – Кочани
15. Тошевски Душанка и Ацо - Скопје

АКТУЕЛНИ ПРОМОЦИИ!

Сите дистрибутери и Асистент Супервизори кои ќе направат по 1 бод на личен код добиваат еден од следните производи гратис. Сите Супервизори, Асистент Менаџери и Менаџери кои ќе направат најмалку 2 бода на личен код ќе добијат еден од следните производи гратис. Секој дистрибутер може да добие само еден производ на личен код, независно од максимумот бодови направени на личен код во месец февруари. Количините се ограничени.

МАРКЕТИНГ ОБУКА

19,20 мај 2012, хотел Бисер, Струга

Период на квалификација: јануари, февруари, март.

Стандардно барање за прво и второ ниво: бидете активни со 4 бода во секој месец од квалификацијата.

Прво ниво: спонзорирајте и развијте **3 (три)** нови **Ас.Супервизори** во периодот на квалификација.

Второ ниво: спонзорирајте и развијте **6 (шест)** нови **Ас.Супервизори** во периодот на квалификација.

Прво ниво: 1 полн пансион за едно лице во Хотел Бисер
Второ ниво: 1 полн пансион за две лица во Хотел Бисер
Наградата не вклучува превоз до/од Струга и пијалоци.

Дистрибутери кои не можат да ја исполнат квалификацијата а сакаат да присуствуваат на обуката да го пријават своето учество на тел. 2465 846 најдоцна до 31 март 2012